	Вкупно:	***92,727***	***158,947***	***236,750***	***488,424***	***362,971***	***34.56***

Набавната вредност на продадени стоки и услуги ***К-то 703*** го опфаќа трошокот од продажба на материјалите и резервните делови од магацин за извршување на услугите на корисниците околу приклучување кон водоводната и канализациона мрежа.

3.Услуги со карактер на материјални трошоци

К-то	Елементи	I квартал (01-03.2026)	II квартал (04- 06.2026)	II квартал (07- 09.2026)	01-09.2026	Стр	01-09.2025	Стр	Инд.
411	Транспортни услуги Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет	1,458,087	1,815,006	1,802,498	5,075,591	8.53	4,849,441	6.93	4.66
413	Услуги за одржување и заштита на материјални и нематеријални с-ва	8,840,124	5,706,724	29,877,330	44,424,178	74.64	49,960,167	71.36	-11.08
414	Наемнини – лизинг	120,561	121,462	121,197	363,220	0.61	506,968	0.72	-28.35
415	Комунални услуги (собирање и изнесување на смет, комунална рента)	868,651	659,454	398,700	1,926,805	3.24	2,793,060	3.99	-31.01
416	Трошоци за истражување и развој (истражување на нови алтернативи, геодетски елаборати)	0	0	0	0	0.00	4,942,651	7.06	
419	Останати услуги (печатење на сметки, регистрација на возила, контрола на квалитет, атестирање)	2,756,631	2,244,264	2,728,099	7,728,994	12.99	6,957,943	9.94	11.08
	Вкупно:	***14,044,054***	***10,546,910***	***34,927,824***	***59,518,788***	***100***	***70,010,230***	***100***	***-14.99***

Услугите со карактер на материјални трошоци во периодот од 01-09/2026 година бележат **намалување од 14.99%** во однос на истиот периодот во 2025 година.

Конто 411-* Трошоци кои се однесуваат на поштенски услуги, телефонски услуги, интернет и ГПС трошок**, за период од 01-09/2026 ***се зголемени за 4.66% во однос на периодот од 01-09/2025 година, како резултат на обновување на договор за ГПС систем за контрола, безбедност и оптимизација на возниот парк.

Конто 413* – услуги за одржување и заштита** опфаќа услуги за санирање на прекопи на по извршени интервенции од дефекти на водоводната мрежа, одржување на пумпите, винклување на мотори, услуги за одржување и поправки на простории, услуги за одржување на фонтани, услуги за одржување на компјутерска опрема и програмски софтвери. За периодот од 01-09/2026 година овој трошок бележи ***намалување за -11.08% во однос на истиот период во 2025 година, како резултат на намалување на трошоците за санирање на прекопи (асфалтирање на сообраќајни површини) по извршени интервенции.

Во продолжение детална поделба на ***трошоците за услуги за одржување -Конто 413***

К-то	*Елементи*	*I квартал (01-03.2026)*	*II квартал (04- 06.2026)*	*II квартал (07- 09.2026)*	*01-09.2026*	*Стр*	*01-09.2025*	*Стр*	*Инд.*
41300	Услуги за одржување на програми и софтвери	4,855,465	3,987,267	4,496,587	13,339,319	22.41	13,762,181	19.66	-3.07
41302	Услуги за одржување на постројки и опрема	2,502,443	787,432	3,112,124	6,401,999	10.76	6,647,743	9.50	-3.70
41303 413304	Услуги за одржување на возила, алат и погонски инвентар	719,093	245,718	724,453	1,689,264	2.84	1,292,655	1.85	30.68
41305	Услуги за одржување на фонтани	0	0	20,999,960	20,999,960	35.28	21,374,041	30.53	-1.75
4133	Услуги за одржување на хигиена во простории	624,750	667,482	477,893	1,770,125	2.97	1,695,897	2.42	4.38
4139	Други услуги за одржување и заштита	138,373	18,825	66,313	223,511	0.38	5,187,650	7.41	-95.69
	Вкупно:	***8,840,124***	***5,706,724***	***29,877,330***	***44,424,178***	***100***	***49,960,167***	***100***	**-11.08**

Конто 414 **– Наемнини** ги опфаќаат трошоците за закупнина и комуналии. Во периодот од 01-09/2026 година овој трошок во износ од 363,220.00 денари ги опфаќаат закупнините за поставување на апарати за самопослужување односно киосци за наплата на сметки, како и закупнини за изнајмување на простор за благајни за наплата на сметки. Истите се ***намалени за 28,35%*** како резултат откажување на договор на закупен деловен простор и обновување на деловен простор сопственост на ЈП Водовод и канализација во простор за благајна и наплата на сметки.

Конто 415 **- Комуналните трошоци** во периодот за 01-09/2026 бележат ***намалување за 31,01%***. Во најголем дел трошокот се однесува на услуги за собирање и изнесување на смет, пренесување и депонирање на градежен шут од сервис Бутел до депонија Дрисла и трошоци за дератизација и дезинфекција.

Конто 419 - Во оваа група на трошоци се услугите за печатење на сметки, печатење опомени за неподмирен долг и флаери од информативен карактер, трошоците за регистрација на возила и други услуги за контрола на квалитет. Овие трошоци во период од 01-09/2026 година бележат ***зголемување за 11,08%*** во однос на истиот квартал минатата година.

Во продолжение детална поделба на ***трошоците за останати услуги -Конто 419***

К-то	*Елементи*	*I квартал (01-03.2026)*	*II квартал (04- 06.2026)*	*II квартал (07- 09.2026)*	*01-09.2026*	*Стр*	*01-09.2025*	*Стр*	*Инд.*
4190	Трошоци за регистрација на возила	257,510	88,793	478,160	824,463	1.39	762,843	1.09	8.08
4191	Трошоци за печатење на сметки и дигитални сертификати	2,408,481	1,345,724	1,382,139	5,136,344	8.63	4,580,520	6.54	12.13
41932	Трошоци за услуги контрола на квалитет на вода	65,800	697,709	532,300	1,295,809	2.18	874,960	1.25	48.10
4193	Трошоци за услуги за контрола на квалитет и атестирање на уреди	22,360	49,000	16,400	87,760	0.15	262,721	0.38	-66.60
4192 4196	Останати услуги	2,480	63,038	319,100	384,618	0.65	476,899	0.68	-19.35
	Вкупно:	***2,756,631***	***2,244,264***	***2,728,099***	***7,728,994***	***100***	***6,957,943***	***100***	**11.08**

4.Останати трошоци од работењето

К-то	Елементи	I квартал (01-03.2026)	II квартал (04- 06.2026)	II квартал (07- 09.2026)	01-09.2026	Стр	01-09.2025	Стр	Инд.
442	Трошоци за надомест и други примања на членови на Управен и Надзорен одбор	333,333	290,004	193,336	816,673	1.47	1,759,982	2.71	-53.60
443	Трошоци за спонзорства, донации	5,300	203,200	423,400	631,900	1.14	1,086,400	1.67	-41.84
444	Трошоци за репрезентација	44,675	64,543	47,452	156,670	0.28	531,445	0.82	-70.52
445	Трошоци за осигурување	1,415,460	1,718,003	1,957,672	5,091,135	9.18	4,274,170	6.57	19.11
446	Банкарски услуги и трошоци за платен промет	1,060,038	964,703	1,561,170	3,585,911	6.47	2,191,854	3.37	63.60
447	Даноци кои не зависат одрезултатот,членарини, комунална такса)	124,569	944,043	81,600	1,150,212	2.07	959,635	1.48	19.86
448	Надомести за лиценци	1,651,906	355,353	229,938	2,237,197	4.03	5,647,269	8.68	-60.38
449	Останати трошоци на работењето	27,478,935	9,391,137	4,913,203	41,783,275	75.35	48,580,372	74.70	-13.99
	Вкупно:	**32,114,216**	**13,930,986**	**9,407,771**	**55,452,973**	**100**	**65,031,127**	**100**	**-14.73**

Групата - останати трошоци од работењето во анализираниот период е ***намален за -14,73%*** во однос на истиот период од 2025 година.

Конто 442 – **Трошоци за надомест на членови на Управен и Надзорен одбор** се намалени во периодот 01-09.2026 година ***се намалени за 53,60%*** како резултат на намален број на членови на Управен и Надзорен одбор.

Конто 443 – **Трошоци за спонзорства и донации** ги опфаќаат трошоците кои се исплатени на Синдикалната организација согласно Колективниот договор за уредување на правата, обврските и одговорностите на вработените во ЈП Водовод и канализација Скопје.

Конто 444 – **Трошоци за репрезентација *се намалени за 70,52%*** во периодот 01-09.2026 година во однос на истиот период од 2025 година.

Конто 445 - **Трошоци за осигурување** за анализираниот период бележи ***зголемување од 19,11%*** во однос на истиот период од 2025 година поради зголемување на цените на осигурителниот пазар за осигурување на имот на претпријатието, осигурување на вршење на дејност од ризици осигурување на вработени од незгода.

Конто 446 - **Трошоци за банкарски провизии** ги опфаќа провизиите од банките за електронска наплата на сметки од страна на корисниците преку ВЕБ страната на ЈП Водовод и канализација Скопје како и провизија за наплата на сметки преку киосците за самонаплата на сметки и истите ***се зголемени за 63,60%*** во периодот од 01-09/2026 година, во однос на истиот период во 2025 година.

Конто 448 - **Надомести за лиценци *има намалување за 60,38%*** во однос на истиот период 2025 година кои се однесуваат на лиценци за права на користење на оперативни и комерцијални софтвери за потребите на информатичката технологија во ЈП Водовод и канализација Скопје.

Конто 449* останати трошоци од работењето** и тука се забележува ***намалување за 13,99% кои ги опфаќаат трошоците за нотарски и адвокатски услуги кои се евидентираат во серии на тужење на ненаплатени побарувања во периодот на нивното извршување на услуги.

Во продолжение даден е детален преглед на **контото – 449** Останати трошоци од работењето:

К-то	*Елементи*	*I квартал (01-03.2026)*	*II квартал (04- 06.2026)*	*II квартал (07- 09.2026)*	*01-09.2026*	*Стр*	*01-09.2025*	*Стр*	*Инд.*
44901 44903	Трошоци за интелектуални услуги (финансиска ревизија и др.фина.услуги)	0	560,000	248,000	808,000	1.93	1,100,000	2.26	-26.55
44902	Трошоци за процесирање на тужени побарувања (услуги од извршител, правни, адвокатски)	24,931,901	5,243,796	1,268,719	31,444,416	75.26	40,147,762	82.64	-21.68
44904 44905	Услуги за преписи и преводи, вештачења и медитација	46,500	14,400	28,339	89,239	0.21	96,954	0.20	-7.96
44907	Услуги од агенции за привремени вработувања	0	347,649	851,038	1,198,687	2.87	1,800,128	3.71	-33.41
44909	Други интелектуални услуги (стручно мислење биро за јавни набавки,хидролошки параметри)	7,650	298,640	16,900	323,190	0.77	479,130	0.99	-32.55
4491	Трошоци за претплата на весници,списанија, стручна литература	57,471	16,095	0	73,566	0.18	44,745	0.09	64.41
4493	Судски трошоци, Трошоци за пресуда	1,984,905	2,501,514	2,118,596	6,605,015	15.81	3,593,484	7.40	83.81
4494	Трошоци за огласи (објава на тендери, огласи и информаци)	351,926	381,555	303,611	1,037,092	2.48	1,012,621	2.08	2.42
4499	Др. нематеријални трошоци (интернет услуги за тековна состојба од ЦРМ, одобрение на градба и сл.)	98,582	27,488	78,000	204,070	0.49	305,548	0.63	-33.21
	Вкупно :	***27,478,935***	***9,391,137***	***4,913,203***	***41,783,275***	***100***	***48,580,372***	***100***	**-13.99**

5.Трошоци за вработени

(10-а, 10-б, 10-в и 10-г)

р.бр	Елементи	I квартал (01-03.2026)	II квартал (04- 06.2026)	II квартал (07- 09.2026)	01-09.2026	Стр	01-09.2025	Стр	Инд.
1-а	***Плати и додатоци на плата (нето)***	***141,223,795***	***151,963,156***	***153,589,191***	***446,776,142***	**64.39**	***397,423,272***	**57.28**	**12.42**
1-б	***Трошоци за даноци Персонален данок на доход***	***11,948,385***	***13,163,620***	***13,279,741***	***38,391,746***	**5.53**	***33,461,771***	**4.82**	**14.73**
1-в	***Придонеси од задолжително социјално осигурување***	***61,618,085***	***66,336,791***	***67,265,148***	***195,220,024***	**28.14**	***173,090,314***	**24.95**	**12.79**
	Бенифициран стаж	2,052,390	2,120,956	2,371,746	6,545,092	0.94	5,572,640	0.80	17.45
	Придонес за здравство	15,955,148	17,200,699	17,382,225	50,538,072	7.28	44,871,517	6.47	12.63
	Професионално заболување	1,063,635	1,146,681	1,158,770	3,369,086	0.49	2,991,563	0.43	12.62
	Придонес за пензиско осигурување	39,994,120	43,116,406	46,120,404	129,230,930	18.63	112,474,847	16.21	14.90
	Придонес за вработување	2,552,792	2,752,049	232,003	5,536,844	0.80	7,179,747	1.03	-22.88
	Вкупно бруто плата	***214,790,265***	***231,463,567***	***234,134,080***	***680,387,912***	**98.06**	***603,975,357***	**87.05**	**12.65**
10-г	*Останати трошоци за вработените*	***3,683,144***	***3,928,224***	***5,851,541***	*13,462,909*	1.94	*6,611,940*	0.95	2.03п
	Надоместоци за пензионирање, помош во случај на смрт, за јубилејни и новогодишни	3,449,592	3,213,921	5,374,937	12,038,450	1.74	5,389,494	0.78	2.25п
	Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци	40,652	58,085	50,784	149,521	0.02	322,584	0.05	-53.65
	Надоместоци на трошоци на вработените (обука, семинари, здрав.прегледи)	192,900	656,218	425,820	1,274,938	0.18	899,862	0.13	41.68
	Вкупно бруто плата и останати надоместоци за вработени	***218,473,409***	***235,391,791***	***239,985,621***	***693,850,821***	***100***	***610,587,297***	***100***	**13.64**

Трошоците на вработените, кои се однесуваат на нето платите, додатоците на плата (прекувремена работа, ножна работа, работа во смени, работа во празници и неработни денови,минат труд), придонесите и даноците- односно бруто платата ***за период 01-09/2026 година е зголемена за 12,65% во однос на истиот период 2025 година.***

Останати трошоци за вработените се однесуваат на трошоци за надоместоци за вработените (регрес за годишен одмор, надоместоци за пензионирање, помош во случај на смрт, патни трошоци за службени патувања), трошоци за образование и здравствени прегледи на вработените) и истите ***се зголемени 2,03 пати*** или во апсолутен износ од 6,850,969.00 денари за период 01-09/2026 година во однос на истиот период 2025 година поради исплата на надоместоци утврдени со Правилникот за исплата на плати и Колективен договор.

Во поглед на учество на трошоците за вработените во вкупниот приход остварен во 01-09/2026 и 01-09/2025 година, состојбата е следнава:

Р.б.	*Опис*	*01-09.2026*	*Учество*	*01-09.2025*	*Учество*
1	Трошоци за вработени	693,820,821	45.99	610,587,297	46.80
2	Вкупни приходи	1,508,714,611	100	1,304,547,516	100

Трошоците на вработените во период од 01-09/2026 година учествуваат со 45,99% во вкупно евидентирани и признаени приходи во перидот во кој настанале.

Во поглед на учеството на трошоците за вработени во вкупните расходи состојбата е дадена во следната табела:

Р.б.	*Опис*	*01-09.2026*	*Учество*	*01-09.2025*	*Учество*
1	Трошоци за вработени	693,820,821	42.44	610,587,297	43.39
2	Вкупни расходи	1,634,743,003	100	1,404,228,033	100

Трошоците за вработени во периодот од 01-09/2029 година учествуваат со 42,44% во вкупните евидентирани расходи на начело на пресметковна основа кога истите се настанати.

Во поглед на учеството на паричните одливи/исплати за трошоците за вработени во вкупните парични приливи состојбата е дадена во следната табела:

Р.б.	*Опис*	*01-09.2026*	*Учество*	*01-09.2025*	*Учество*
1	Исплата на трошоци на вработени	677,499,511	60.65	612,369,994	63.77
2	Прилив на парични средства од оперативни активности - побарувања	1,117,122,384	100	960,255,916	100

6.Амортизација на материјалните и нематеријалните средства

К-то	Елементи	I квартал (01-03.2026)	II квартал (04-06.2026)	II квартал (07-09.2026)	01-09.2026	01-09.2025	Инд.%
432	Трошоци за амортизација	47,447,545	46,437,351	45,230,878	139,115,774	154,199,432	-9.78
	Вкупно:	***47,447,545***	***46,437,351***	***45,230,878***	***139,115,774***	***154,199,432***	***-9.78***

Амортизацијата на материјалните и нематеријалните средства за период од 01-09/2026 година е ***намалена за – 9,78%*** во однос на истиот период во 2025 година кои согласно векот на употреба дел од средствата се веќе амортизирани согласно Уредбата за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства .

7.Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства

	К-то	Елементи	I квартал (01-03.2026)	II квартал (04-06.2026)	II квартал (07-09.2026)	01-09.2026	01-09.2025	Инд.
Вредносно усогласување на краткорочни побарувања								
1		***Стопанство***						
	45501	Стечајни побарувања	96,822	473,560	558,410	1,128,792	299,090	3.77п
	45502	Тужени побарувања - вредносно усогласување на краткорочни побарувања	5,951	0	92,711,676	92,717,627	78,745,042	17.74
2		***Домаќинство***						
	45503	Тужени побарувања - вредносно усогласување на краткорочни побарувања	151,018,924	-2,123	172,325,572	323,342,373	148,817,270	2.2п
		Вкупно:	***151,121,697***	***471,437***	***265,595,658***	***417,188,792***	***227,861,402***	***83.09***

Во периодот од 01-09.2026 година извршено е вредносно усогласување (исправка на вредност) на побарувања од купувачи поради незивесност и несигурност за нивна наплата, преземање на правни дејствија и поднесување на тужби за намалување на ризикот за нивна наплатливост.

8. Останати расходи од работењето

к-то	Елементи	I квартал (01-03.2026)	II квартал (04- 06.2026)	II квартал (07- 09.2026)	01-09.2026	Стр	01-09.2025	Стр	Инд.
467	Одобрени рабати и попусти по сметки	**1,759,176**	**4,288,317**	**1,264,439**	**7,311,932**	**65.65**	**5,859,665**	**49.03**	**24.78**
468	Прекршочни парични казни	**0**	**4,009**	**-2,007**	**2,002**	**0.02**	**0**	**0**	**0**
469	Останати расходи од работењето (од минати години)	**816,145**	**451,667**	**2,557,793**	**3,824,605**	**34.34**	**6,092,604**	**50.97**	**-37.23**
	Надомест за задоцнето плаќање-фин.дисциплина	*24,000*	*81,600*	*164,888*	270,488	2.43	247,200	2.07	9.42

	Дополнителни трошоци од минати години	*173,380*	*106,208*	*2,153,440*	2,432,028	21.83	4,282,023	35.83	-43.2
	Трошоци и сторно од минати години и фактури 18% и 5%	*618,520*	*260,114*	*237,018*	1,115,652	0.57	92,724	0.78	-30.98
	Разлика од заокружувања и докнижувања	*245*	*3,745*	*2,447*	6,437	0.06	8,884	0.07	-27.54
	Вкупно:(467+468+469)	***2,575,321***	***4,743,993***	***3,820,225***	**11,138,539**	***100***	**11,952,269**	***100***	***-6.81***

III ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

Приходи по основ на камати и курсни разлики од работењето со неповрзани друштва

к-то	*Елементи*	*I квартал (01-03.2026)*	*II квартал (04- 06.2026)*	*II квартал (07- 09.2026)*	*01-09.2026*	*Стр*	*01-09.2025*	*Стр*	*Инд.*
77431	Приходи од редовни казнени камати за задоцнето плаќање **домаќинство**	4,562,681	4,461,318	5,489,537	14,513,536	46.2	10,227,001	44.82	41.91
77432	Приходи од редовни казнени камати за задоцнето плаќање **стопанство**	1,093,892	3,921,527	1,637,824	6,653,243	21.18	5,016,272	21.98	32.63
774303	Приходи од камати наплатен главен долг **стопанство**	729,019	1,279,656	457,036	2,465,711	7.85	287,562	1.26	8.57п
7743031	Приходи од камати наплатен главен долг **домаќинство**	1,383,924	1,730,632	3,063,557	6,178,113	19.67	3,400,998	14.9	81.66
7743006	Камати од деловни банки	4	8	0	12	0	9		33.33
775	Позитивни курсни разлики	1,463,178-0	102,472	36,193	1,601,843	5.10	3,887,156	17.03	-58.79
	Вкупно:	***7,769,520***	***11,495,613***	***10,684,147***	***31,412,458***	***100***	***22,818,998***	***100***	***37.66***

На ***конто 774*** евидентирани се приходите по основ на камати од каматирањето по основ на задоцнето плаќање на редовни и тужени сметки кај физичките и правните лица. Приходите од камати за задоцнето плаќање во период од 01-09/2026 година ***зголемени за 37,66%*** како резултат на наплата на тужени побарувања или ***зголемување во апсолутен износ од 5,923,506.00 денари*** во однос на првото тромесечие од 2025 година.

На ***конто 775*** се евидентираат позитивните курсни разлики кои се искажуваат како приход во Билансот на успех.
Согласно сметководствените стандарди и политики ставките во Билансот на состојба се вреднуваат со користење на МКД, која претставува функционална и официјална известувачка валута на Претпријатието. Компонентите на средствата и обврските искажани во странска валута се конвертираат според официјалниот среден курс на НБРМ за секој известувачки период. Приходите од позитивните курсни разлики произлегуваат од конвертирањето на средствата и обврските кои се водат во странска валута.

IV ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

Расходи по основ на камати и курсни разлики од работење со неповрзани друштва

к-то	Елементи	I квартал (01-03.2026)	II квартал (04-06.2026)	III квартал (07-09.2026)	01-09.2026	Стр	01-09.2025	Стр	Инд.
474	Казнени камати за задоцнето плаќање на обврски - **коминтенти**	746,575	9,692,949	1,480,457	11,919,981	64.23	2,900,402	0.21	4.1п
479	Казнени камати по пресуда за задоцнето плаќање	666,527	883,346	1,583,701	3,133,574	16.88	4,368,593	0.32	-28.27
475	Негативни курсни разлики	2,675,493	282,254	548,040	3,505,961	18.89	6,423,940	0.47	-45.42
	Вкупно:	***4,088,595***	***10,858,549***	***3,612,198***	***18,559,516***	***100***	***13,692,935***	***100***	***35.54***

Во рамките на категоријата Финансиски расходи, на ***конто 474*** евидентирани се расходи по основ на камати – затезни камати кои произлегуваат од облигационите односи помеѓу правните субјекти и истите во првото деветомесечие од 2026 година (01-09/2026) **се зголемени за 4,1пати или во апсолутен износ од 9,019,579.00 денари** во однос на истиот период од 2025 година.
На ***конто 479*** се евидентирани казнени камати заради неисполнување на склучените договори кои се **намалени за 28,27%** во првото деветомесечие од 2026 година (01-09/2026) во однос на истиот период од 2025 година.

На ***конто 475*** – курсни разлики од работењето со неповрзани друштва се евидентираат негативни курсни разлики кои се искажуваат како расход во Билансот на успех.
Согласно сметководствените стандари и политики, ставките во Билансот на состојба се вреднуваат со користење на МКД, која претставува функционална и официјална известувачка валута на Претпријатието. Компонентите на средствата и обврските искажани во странска валута се конверираат според официјалниот среден курс на НБРМ за секој известувачки период. Расходите од негативните курсни разлики произлегуваат од конвертирањето на средствата и обврските кои се водат во странска валута.

3.БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Билансот на состојба ја искажува состојбата на средствата и изворите на средства и капиталот на претпријатието на 30.09.2026 година кои произлегуваат од сите активности на Претпријатието.

Р.б	Позиција	АОП	Износ	
			Тековна година 30.09.2026	Претходна година 30.09.2025
1	**АКТИВА:** **А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** (002+009+020+021+031)	001	**8,027,426,468**	**6,164,588,531**
2	**I.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** (003+004+005+006+007+008)	002	**19,484,170**	**24,213,788**
4	Концесии, патенти, лиценци, заштитни знаци и слични права	004	9,584,170	14,313,788
7	Нематеријални средства во подготовка	007	9,900,000	9,900,000
9	**II.МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** (010+013+014+015+016+017+018+019)	007	**8,006,308,815**	**6,138,741,260**
10	Недвижности (011+012)	010	2,100,697,622	2,201,757,496
10.а	Земјиште	011	23,747,345	23,747,345
10.б	Градежни објекти	012	2,076,950,277	2,178,010,151
11	Постројки и опрема	013	75,754,453	91,903,854
12	Транспортни средства	014	87,123,125	104,515,123
13	Алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел	015	117,176,561	110,587,197
15	Аванси за набавка на материјални средства	017	178,908,344	666,059,177
16	Материјални средства во подготовка	018	5,445,003,076	2,962,272,779
17	Останати материјални средства	019	1,645,634	1,645,634
19	**IV.ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** (022+023+024+025+026+030)	021	**1,633,483**	**1,633,483**
24	Вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба	026	1,633,483	1,633,483
31	**Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** (037+045+052+059)	036	**1,305,076,235**	**1,916,967,781**
32	**I.ЗАЛИХИ** (038+039+040+041+042+043)	037	**372,507,233**	**387,717,647**
33	Залиха на суровини и материјали	038	147,844,280	155,220,843
34	Залиха на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми	039	224,662,953	232,496,804
40	**III.КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА** (046+047+048+049+050+051)	045	**874,747,134**	**898,371,855**
42	Побарувања од купувачи	047	867,581,344	860,830,915
43	Побарувања за дадени аванси на добавувачи	048	280,319	396,832
44	Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата	049	3,180,187	33,431,635

45	Побарувања од вработените	050	3,705,284	3,712,473
46	Останати краткорочни побарувања	051	0	0
47	**IV.КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (053+056+057+058)**	052	**0**	**90,159**
50	Побарувања по дадени заеми	056	0	90,159
51	Побарувања по дадени заеми	057	0	0
52	**V.ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061)**	**059**	**57,821,868**	**630,788,120**
52.a	Парични средства	060	57,821,868	630,788,120
53	**VI.ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ(АВР)**	**062**	**1,637,163,755**	**1,519,886,516**
54	***ВКУПНА АКТИВА СРЕДСТВА (001+035+036+044+062)***	***063***	***10,969,666,458***	***9,601,442,828***
56	**ПАСИВА: А.ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078)	**065**	**2,529,004,804**	**2,644,100,190**
	I.ОСНОВНА ГЛАВНИНА	**066**	**1,972,180,219**	**1,972,180,219**
62	**VI.РЕЗЕРВИ (072+073+074)**	**071**	**605,880,487**	**605,880,487**
63	Законски резерви	072	394,436,044	394,436,044
65	Останати резерви	074	211,444,443	211,444,443
66	**VII.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА**	**075**	**87,719,195**	**167,553,720**
68	**IX.ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА**	**077**	**0**	**0**
69	**X.ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА**	**078**	**-136,775,097**	**-101,514,236**
72	**Б. ОБВРСКИ (082+085+095)**	**081**	**3,677,474,856**	**3,641,732,356**
73	**I. ДОЛГОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА ЗА РИЗИЦИ И ТРОШОЦИ (083+084)**	**082**	**32,681,021**	**0**
74	Резервирања за пензии, отпремнини и слични обврски кон вработени	083	32,681,021	**0**
86	**IV.КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108)**	**095**	**3,644,793,835**	**3,641,732,356**
87	Обврски спрема поврзани друштва	096	1,891,008,008	1,794,064,748
88	Обврски спрема добавувачи	097	981,210,588	1,334,098,599
89	Обврски за аванси, депозити и кауции	098	448,028,948	208,687,326
90	Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плата	099	12,805,904	10,401,146
91	Обврски кон вработените	100	31,535,303	25,656,065
92	Тековни даночни обврски	101	2,569,906	3,053,735
95	Обврски по заеми и кредити	104	0	0
99	Останати краткорочни обврски	108	277,635,178	265,770,737
100	**V.ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)**	109	**4,763,186,798**	**3,315,610,282**
102	***ВКУПНА ПАСИВА: ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110)***	***111***	***10,969,666,458***	***9,601,442,828***

I. АКТИВА ОД БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА

1. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА

Во билансот на состојба во активата, во нетековни средства влегуваат:

- Нематеријалните средства;
- Материјалните средства;
- Долгорочни финансиски средства

Вкупната вредност на нетековните средства на **крајот на третото тромесечие 30.09.2026 година изнесува 8,027,426,468.00 денари и истите се зголемиле за 30,22%** од вредноста на нетековните средства на крајот на третото тромесечие од 2025 година.
Вкупната вредност на **нематеријалните средства** на крајот на третото тромесечие 30.09.2026 е **намалена за -19,53%** во однос на крајот на третото тромесечие од 2025 година како резултат на амортизација за искористеност на средствата.
Вкупната вредност на **материјалните средства** на крајот на третото тромесечие 30.09.2026 година е **зголемена за 30,42%** во однос на крајот на третото тромесечие од 2025 година како резултат **на инвестиции вложувања во материјални средства во подготовка**. Зголемувањето е резутат на проект кој се финансира со кредити од Министерството за финансии и донација од ЕБОР.
Вредноста на средствата се искажани по нивна набавна вредност со промените кои настанале. Намалувањето на вредноста на средствата кои се ставени во употреба се намалени како резултат на амортизација односно постепено итпишување на вредноста на средствата со амортизационите стапки според Уредбата за номенклатурата на средствата и годишните амортизациони стапки.

Рекапитулар на набавени основни средства(инвестиции) од 01-09/2026

Р.б	Основни средства	01-09/2026	01-09/2025
		износ	износ
1	Градежни објекти ставени во употреба	13,142,335	97,054,063
2	Средства за работа во подготовка (материјални)	495,399	15,488,737
	Вкупно градежни објекти	**13,637,734**	**112,542,800**
3	Опрема	26,368,509	24,993,241
4	Нематеријални средства-опрема (софтвер)	5,814,844	539,000
5	Пречистителна станица во подготовка	1,614,143,870	2,020,346,615
	Вкупно постојани средства	**1,646,327,223**	**2,045,878,856**
	Вкупно:	**1,659,964,957**	**2,158,421,656**

1.1 ИНВЕСТИЦИИ

ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ
Нови набавки- 01-09/2026

Како резултат на новонабавените средства – *градежни објекти* од 01.01.2026 до 30.09.2026 година, ЈП Водовод и канализација Скопје ја има зголемено набавната вредност на своите градежни објекти (активирани по завршни ситуации и реконструкции во сопствена режија) за износ од **13,142,335.00** денари

	Назив	Износ
1	Сектор Водовод	11,711,505
2	Сектор Канализација	1,430,830
	Вкупно :	**13,142,335**

Р.бр	Назив	01-09/2026
	Сектор Водовод - Сопствена Режија	
	Техничко решение за решавање на проблемот со водоснабдување на неколку објекти на крак на ул.513,во нас.Ќерамидница	450,098
	Монтажа на водомери за парковска мрежа-Сарај	13,206
	Поставување на водомери на фонтани во општина Ѓ.Петров	3,505
	Изградба на премин под пруга за водовод ф200мм,за централна пречистителна станица за фекални води на Град Скопје	75,653
	Дислокација на водоводна мрежа ДН110 (на тротоар од Црвен Крст до Стил железо)дел од Бул.Никола Карев	656,765
	Вкупно довршена мрежа-Сопствена режија	**1,199,227**
	Сектор Водовод - Ангажирани изведувачи	
	Реконструкција на водоводна мрежа по ул.Елисие Поповски од ул.Мајка Тереза до ул.Киро Гаврилски.	8,673,356
	Реконструкција на постоечка водоводна мрежа низ Парк Шума-Гази Баба по ул.Душан Тасковиќ,од резервоар Гази Баба до приклучок со ул.Коце Металец,во нас.Железара,крак1	1,838,922
	Вкупно довршена мрежа-Ангажирани изведувачи	**10,512,278**
	Вкупно за сектор Водовод:	**11,711,505**
	Сектор Канализација - Ангажирани изведувачи	
	Надградба на атмосферска канализација ф600 со елаборат од извршени геотехнички испитувања и истражувања за атмосфрска канализација по дел од бул.Никола Карев(од детелинка на БитПазар до постоечки атмосферски колектор700/1225мм.	114,570
	Изградба на фекална канализација по дел од ул.Рамиз Садику-општина Ѓ.Петров	1,316,260
	Вкупно довршена мрежа-Ангажирани изведувачи	**1,430,830**
	Вкупно за сектор Канализација:	**1,430,830**
	Се вкупно:	**13,142,335**

ОПРЕМА
Набавки на нова опрема 01-09.2026 година

Во рамките на новонабавените средства кај *Опремата* има зголемување на набавната вредност во однос на минатата година, што може да се види од следниот преглед на новонабавени средства, кој е даден по сектори.

Опрема - материјални средства - Нови набавки во 01-09.2026 г. по сектори

р.бр.	назив	01-09/2026
1	Сектор водовод	10,191,578
2	Сектор третман на на отпадни води	62,009
3	Раководен тим	227,941
4	Сектор ЕОК	14,569,825
5	Сектор финансии,сметководство и комерција	1,317,156
	Вкупно:	**26,368,509**

1	**Сектор водовод**		
	Игличест регулационен вентил	1	9,061,578
	Комбиниран индустриски водомер L-300mm 80x20	10	1,130,000
	Вкупно:	**11**	**10,191,578**
2	**Сектор третман на отпадни води**		
	Клима уред инвертер АГ 3.5KW	1	25,060
	Клима уред FAVORIT 12000 BTU FF(-15)	2	36,949
	Вкупно:	**3**	**62,009**
3	**Раководен тим**		
	Мобилен SAMSUNG Galaxy S25Ultra 256GB Black	1	73,721
	Мобилен APPLE IPHONE 16Pro 256GB Black Titanium	2	154,220
	Вкупно:	**3**	**227,941**
4	**Сектор ЕОК**		
	Анализатор за хлор	1	365,625
	Опрема за СКАДА(ормар контролер)-ПС Пинтија	1	666,128
	Опрема за СКАДА(ормар контролер)-ПС Барутана 1	1	2,125,732
	Опрема за СКАДА(ормар контролер)-ХС Нерези	1	617,148
	Опрема за СКАДА(ормар контролер)-ХС Глумово	1	636,740
	Опрема за СКАДА(ормар контролер)-ПС Г.Матка	1	793,476
	Опрема за СКАДА(ормар контролер)-ПС Волково	1	793,476
	Опрема за СКАДА(ормар контролер)-ХС Кондово	1	2,870,228
	Опрема за СКАДА(ормар контролер)-ХС Медреса	1	2,635,124
	Опрема за СКАДА(ормар контролер)-ПС Ш.Оризари	1	2,801,656
	Опрема за СКАДА(ормар контролер)-ПС Рашче 2	1	264,492
	Вкупно:	**11**	**14,569,825**
5	**Сектор финансии,сметководство и комерција**		
	Комбиниран индустриски водомер L-300mm 80x20	7	791,000
	Ултразвучен водомер со радиомодул(фланша) ДН80	4	387,288
	Ултразвучен водомер со радиомодул(фланша) ДН50	2	138,868
	Вкупно:	**7**	**1,317,156**

Набавка на софтвер (нематеријални средства) 01-09.2026 год.

р.бр	назив	кол	01-09/2026
1	**Сектор Третман на отпадни води**		45,000
2	**Сектор ЕОК**		5,769,844
	Вкупно:	**1**	**5,814,844**
1	**Сектор третман на отпадни води**		
	USB за калибрација на софтвер специфичен за спектрофотометар HACHDR3900	1	45,000
	Вкупно:	1	**45,000**
2	**Сектор ЕОК**		
	Проширување на постоечки апликативен програм-софтвер за прибирање сервисни податоци	1	5,769,844
	Вкупно:	**1**	**5,769,844**

Во продолжение доставен е преглед на состојбата на средствата за работа во подготовка во првото деветомесечие од 2026 година.

Средствата за работа во подготовка се средства кои ќе го зголемат износот на градежните објекти во следната година. Тоа се инвестирани средства во проекти кои сеуште не се довршени т.е. се во градба. Завршувањето на објектите наведени во следната табела ќе значи активирање на истите во групата градежни објекти.

Средства за работа во подготовка состојба 01-09/2026г.

Конто	Назив на средството	31.12.2025	заклучно со 09.2026	Вк.активирано
I	**Реконструкција на водоводна мрежа**			
016234	Изградба на водоводна мрежа:нов резервоар,пумпна станица,нов потисен цевковод Шуто-Оризари	76,054,476.00		76,054,476.00
016265	Изработка на проект за инфраст.за изградба на вод.фек.и атмосф.на ул.Новопланирана 2 Васил Ѓоргов-крак	224,895.00		224,895.00
016268	Реконструкција на водоводна мрежа по ул.Белградска од ул.Мајка Тереза до ул.Димче Мирчев во Центар	6,736,616.00		6,736,616.00
016271	Изработка на проект за инфраструктура за изградба на вод.фек.и атмосф.на ул.164 и останати,КО Центар 1	399,633.00		399,633.00
016277	Ревизија на Основен проект за водоснабдување на дел од индустриска зона Визбегово	185,817.00		185,817.00
016278	Реконструкција на водоводна мрежа по дел од ул.Влае и Франц Прешерн- Влае 1	5,800,755.00		5,800,755.00
016279	Ревизија на Основен проект за реконстр.на постоечка вод.мрежа по дел од ул.Лајош Кошут и ул.Карл Либкнехт	21,204.00		21,204.00
016302	Геодетски елаборат за нумерички податоци за водоводна мрежа на бул.Кочо Рацин(пристапни улици кај Зелен пазар) К.О:Центар1	58,833.00		58,833.00
016305	Реконструкција на водоводна мрежа по ул.Џумајска во нас.Карпош	7,911,658.00		7,911,658.00
016328	Реконструкција на водоводна мрежа по дел од ул.Варшавска-општина Карпош	13,004,778.00		13,004,778.00
016332	Основен проект за шахти за реконструкција на водоводна мрежа по ул.Прашка во нас.Тафталиџе	255,015.00		255,015.00
016333	Основен проект за шахти за реконструкција на водоводна мрежа по сервисна улица дел од бул.Трета македонска бригада	95,496.00		95,496.00

016313	Основен проект за водоводна мрежа по дел од ул.Пролет и по дел од ул.Браќа Миладиновци-општина Центар	301,187.00		301,187.00
016339	Реконструкција на водоводна мрежа по ул. 50-та Дивизија	110,281.00		110,281.00
016346	Реконструкција на водоводна мрежа по ул. Фјодор Достоевски и краци - нас. Влае1	77,309.00		77,309.00
016349	Ревизија на основен проект на постоечки водовод по дел од улица 4 во с. Бардовци (f-150mm, L=518.50m)	105,780.00		105,780.00
016350	Ревизија на осн. проект за рек.-дислокација на дел од вод. мрежа која минува низ локација-теренот на ФК Скопје во Автокоманда (f200mm L=345.77m)-16 та Македонска бригада,АБ разделна шахта	60,919.00		60,919.00
016351	Ревизија на основен проект за еконструкција на водоводна мрежа по ул.Будимпештанска	64,868.00		64,868.00
016353	Основен проект за реконструкција на водоводна мрежа по ул. Дренак, опш.Кисела Вода	17,544.00		17,544.00
016354	Основен проект за реконструкција на дел од водоводната мрежа ф80мм по ул.Црниче,нас.Црниче,општина Кисела Вода	17,108.00		17,108.00
016355	Основен проект за реконструкција на водоводна мрежа по ул.Божидар Аџијата,општина Кисле Вода	66,612.00		66,612.00
016356	Ревизија на основен проект за реконструкција на водоводна мрежа по ул.Ѓорѓи Димитров	32,401.00		32,401.00
